Република Северна Македонија
**Министерство за животна средина и просторно планирање**

Republika e Maqedonisë së Veriut
**Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor**

СЕКТОР ЗА ПРАВНИ И ОПШТИ РАБОТИ

Арх.бр.12-2383/5
Дата. 08-07-2025

Одговор на претставка со арх.бр.12-2383/1 од 23.05.2025 година чиј подносител се анонимни грѓани од општина Неготино, а во врска со нелегална изградба на објекти и изведување на градежни активности на земјоделско земјиште на КО Пепелиште, со имотен лист бр.1294 во сопственост на Елизабета Најдова.

До Министерството за животна средина и просторно планирање доставена е претставка од страна на група анонимни граѓани од општина Неготино со арх.бр.12-2383/1 од 23.05.2025 година во врска со нелегална градба на објекти и изведување на градежни активности на земјоделско земјиште на КО Пепелиште, со имотен лист бр.1294 во сопственост на Елизабета Најдова, на кое секојдневно се истурало градежен шут, отпад и вода со бетон.
Секторот за правни и општи работи-Одделение за постапување по претставки и предлози на министерството, достави Барање на мислење со арх.бр 12-2383/2 од 26.05.2025 година до општина Неготино- Одделение за инспекциски надзор-Инспекторат, по основ на кое се произнесе со мислење во форма на писмен допис бр.15-740/3 од 02.07.2025, а заведено во архивската евиденција на Министерството за животна средина и просторно планирање со арх.бр.12-2383/4 од 04.07.2025 година дека општина Неготино моментално нема овластен градежен инспектор, но има кандидат за градежен инспектор за кој е потребно да помине обука во период од една година врз основа на која ќе се стекне со лиценца за овластен градежен инспектор.
Во таа насока, општина Неготино нема овластување да излезе на терен, да изврши увид и да состави записник за констатирана фактичка состојба.
Имајќи во предвид дека станува збор за предметна претставка од општинска надлежност, Министерството за животна средина и просторно планирање согласно законските ингеренции нема надлежност на постапување по основ на истата.
Имено, за да сѐ изврши увид на погоренаведената локација и да се констатира фактичката ситуација, а со цел изнаоѓање на навремено и


Министерство за животна срединаи просторно планирањенаРепублика Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e MjedisitJetësordhePlanifikimithapësinore Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "PresvetaBogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk

соодветно решение за настанатиот проблем, потребно е општина Неготино да склучи Меморандум за соработка со друга соседна општина, која располага со овластен градежен инспектор.

**По овластување на министер**

**Раководител на Сектор за правни и општи работи**
Билјана Тешева Ѓоргиевска

**Изработил:** Виш соработник,
Анета Михајловска



Министерство за животна срединаи просторно планирањенаРепублика Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e MjedisitJetësordhePlanifikimithapësinore
Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "PresvetaBogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk